СООПШТЕНИЕ: Анекс за продолжување на договорите со избраните лекари стоматолози и специјалисти стоматолози

На денешната средба што се одржа во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот и Стоматолошка комора на Македонија се договорија да се потпише анекс за продолжување на постоечките договори со избраните лекари стоматолози и специјалисти стоматолози кој ќе се применува во наредните шест месеци. Во меѓувреме преставниците на Фондот за здравство и Комората ќе формираат посебни работни групи кои ќе работат на подобрување на договорите и нивни корекции.

На средбата со директорите на Фондот г-дин Данаил Дончев и г-дин Орхан Рамадани е договорено да се стави мораториум на договорните казни во овој период, освен за случаите кога со повредата е сторено кривично дело.

Работните групи ќе работат на дефинирање и начинот на спроведување на целите, со цел да се подигне нивото на превентивна стоматолошка здравствена заштита на населението во Р.Македонија, казнената политика...., интенција ќе биде во овие групи да се вклучат и преставници од Министерството за здравство, со оглед што за некои од дадените иницијативи и предлози е потребно изменување на законите и подзаконските акти.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија и овој пат истакна дека е подготвен низ дијалог да се дојде до најсоодветните решенија за осигурениците и избраните лекари стоматолози.

На средбата Фондот за здравство понуди три можности, да се разгледуваат понудените предлог договори член по член, да се прифатат предлог договорите со важност од една година и во меѓувреме за тој период да се работи на сите отворени прашања и да се направи анекс за продолжување на постоечкиот договор за шест месеци.

Фондот за здравство и Стоматолошката комора ќе продолжат со вакви активности и во наредниот период и тие ќе се одвиваат транспарентно и за нив ќе биде информирана јавноста.